Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 46, 15 септември 2010 година

септември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

РЕФЕРАТ за избор на двајца соработници (во звање асистент) за наставно-научната област рударство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

РЕФЕРАТ за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област применета кинезиологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

РЕФЕРАТ за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

РЕФЕРАТ за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област образование на наставници на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор во наставно научната област лозарство, сензорна и аналитичка евалуација на виното на Земјоделскиот факутет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

РЕФЕРАТ за избор на асистент за научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

РЕФЕРАТ за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 51

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање – доцент/вонреден професор за наставно научна област информатика на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 58

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно научната област електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 63

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 70

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 86

РЕЦЕНЗИИЈА на докторската дисертација со наслов „Металогенија на полиметалниот рудоносен систем буковик-кадиица“ од кандидатот м-р Горан Тасев , Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 109

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 113

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Во врска со распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весникот „Дневник” на 22.6.2010 година, за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област **психологија на образование и воспитување**, врз основа на член 132, ст.2 од Законот за високото образование („Сл.весник на РМ“, бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09 и 99/09), член 32, ст.1 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и одлуката бр.2102-54/7 од 5.7.2010 година донесена од Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, формирана е Комисија во состав:

- **проф. д-р Виолета Арнаудова -** *претседател,*
- **проф. д-р Ленче Милошева -** *член* и
- **проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска -** *член.*

По разгледувањето на целокупната документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип има чест да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

По Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник“, за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент*** за наставно-научната област ***психологија на образование и воспитување*** се пријавиле пет кандидати:

1. Наташа Басарова
2. Марија Костадинова-Крстева
3. Трајче Минов
4. Марина Настеска
5. Билјана Стојанова

***Биографски податоци***

1. Кандидатката **Наташа Басарова** е родена на 30 јули 1979 год. во Велес. Дипломира на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Завршува постдипломски студии по менаџмент во образованието (на Институтот за педагогија), со просечен успех 8,42, и има тримесечно професионално искуство како профессор по граѓанско образование. Кандидатката успешно ја завршува обуката за користење компјутери во рамките на проектот *Македонија земја на информатичари*. Исто така, приложена е и диплома за водење книговодство, како и сертификат за основни познавања (два степена) од англискиот јазик, а кандидатката наведува дека има познавања и од германскиот јазик, но за тоа не е приложен сертификат.

2. Кандидатката **Марија Костадинова-Крстева** е родена на 20 јануари 1977 година во Кочани. Основно (1982/83-1989/90) и средно образование (1990/91-1993/94) завршува во Кочани. На Педагошкиот факултет во Штип се запишува во учебната 1996/97 год., а студиите ги завршува во учебната 2000/01 год. Кандидатката се запишува на постдипломски студии по логопедија на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во 2004 година, а во 2006 година се стекнува со звање *магистер по логопедија*. Во периодот од 1986 до

1994 година се посветува и на изучување на англискиот јазик и завршува осум степени, а во периодот од 2004 до 2010 год. го изучува и италијанскиот јазик (шест степени). За овие обуки кандидатката достави и сертификати. Кон документите е приложен и магистерскиот труд одбранет на Катедрата за социјална педагогија.

3. Кандидатот **Трајче Минов** е роден на 10 декември 1981 година во Струмица. Кандидатот дипломира на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, во септември 2009 година, со просек 9,65. Како *дипломиран дефектолог* во изминатиот период работи како заменик-координатор на проект реализиран од ЦПЛИП ПОРАКА (1.9.2007-1.3.2008) во Струмица и на проект финансиран од УНИЦЕФ, во Специјалниот завод Демир Капија (15.7.2005-30.4.2006). Кандидатот има знаења од англиски јазик и од компјутери.

4. Кандидатката **Марина Настеска** е родена на 8 јуни 1963 година во Прилеп. На Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје се запишува во 1982 година, а студиите ги завршува во 1987 год. Во 1997 год. се запишува на специјалистичките студии по мир и развој на Филозофскиот факултет, а во периодот 2001-2006 година е постдипломец на студиите за мир и развој на Филозофскиот факултет на кои магистрира со просечен успех 9,25.

Во периодот 1990-1999 година кандидатката работи како психолог во фабриката „Сувенир“ во Македонски Брод, а потоа (1999-2000 година) како директор на меѓуопштинскиот Центар за социјална работа во Македонски Брод.

Врз основа на приложената документација се забележува дека кандидатката била активен учесник во следниве стручни обуки: Трансформација на конфликт со мировни средства (Скопје,1998), Социјален развој за локалната самоуправа (Битола, 1999), Социјален менаџмент (Кичево, 1999), Алтернативи на насилство (Скопје, 2000), Меѓународна програма за развој на децата (Скопје, 2000), Курс за агенција за вработување (Скопје, 2005).

Кандидатката наведува дека има положено стручен испит за државни службеници (Министерство за правда, 2002), а кон пријавата таа поднесе и уверение за завршен шести степен од англиски јазик.

Покрај магистерскиот труд, Марина Настеска напишала и три статии, од кои е објавена само една. Овие трудови кандидатката не ги приложи кон пријавата по Конкурсот.

5. Кандидатката **Билјана Стојанова** е родена на 31 јануари 1984 година во Штип. На Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје се запишува во 2002 година, а студиите ги завршува во 2007 година. Во текот на студиите (2003) кандидатката била вклучена во обука во вештини за афирмација, комуникација, градење заедници и разрешување конфликти, како и за посредување искуствени работилници одобрена од Проектот „Алтернативи на насилство“. Во учебната 2004/05 година, Стојанова добива обука за интегративна психотерапија и личен развој (советување насочено кон клиентот, гешталт терапија, комплексна психотерапија, когнитивна терапија).

Во 2007 година кандидатката се запишува на постдипломски студии, исто така, на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје на насоката Педагошка психологија и досега има положено пет испити со просечен успех 9,40.

Од декември 2007 година Билјана Стојанова е вработена на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Како помлад асистент во учебната 2007/08 таа ги реализира вежбите од предметот психологија на образованието и воспитувањето на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување, како и Методика на работа со деца со посебни потреби на Одделот за одделенска настава и

на Одделот за предучилишно воспитување. Подоцна, Стојанова ги реализира вежбите и по предметите: Развојна психологија, Педагошка психологија, Социјална психологија, Позитивна психологија и Методика на работа со деца со посебни потреби.

Покрај наставната дејност, кандидатката е вклучена и во други активности на Факултетот. Така, во 2008 и 2009 година таа е член на Комисијата за проверка на психофизичките способности на кандидатите за студирање на Педагошкиот факултет во Штип.

Од изборот за помлад асистент, Стојанова учествува со свои трудови на девет меѓународни научни конференции, од кои 4 се одржани во Македонија (мај 2008 г., јуни 2008 г., јуни 2009 г., мај 2010 г,), две во Хрватска (ноември 2008 г., ноември 2009 г.), две во Турција (октомври 2009 г., февруари 2010 г.) и една во Шпанија (ноември 2009 г.).

Во изминатиот период Стојанова објавува десет научно-стручни трудови (два труда во 2008 г., пет труда во 2009 г. и три труда во 2010 г.), кои ќе бидат предмет на анализа подолу.

1. Сивевска Д., **Стојанова Б.** (2008). Агресивно однесување на учениците - манифестација, детерминанти и превенција. *Меѓународна научно-практична конференција, Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век,* мај, Штип.

Овој труд го третира проблемот на агресивното однесување кај учениците, при што ги изнесуваат начините на негова манифестација, се наведуваат неговите детерминанти, но се опишуваат и можностите и начините на неговата превенција. Поради тоа што причините за агресивното однесување кај младите се лоцирани во *општеството* (кое го толерира насилството во медиумите), во *семејството* (кое би требало да ги постави основните норми на однесување на секое дете) и *училиштето* (кое ретко посветува доволно внимание и неадекватно го санкционира насилството меѓу учениците) авторите на овој труд сметаат дека при решавањето на овој проблем треба да се вклучат сите три системи.

2. Kostov, B., Stojanov ,T**., Stojanova, B.** (2008). School for aeternal values**.** *IV International Scientific Conference, Contemporary intentions in education,* volume 2, 105-110.

Во овој труд, поаѓајќи од хуманистичкото гледиште за личноста, авторите ги поставуваат основните задачи на образованието. Човекот по својата природа е суштество кое има базична потреба за раст и развој на своите потенцијали и можности. Ова го наметнува прашањето: каква е улогата на училиштето во задоволувањето на оваа потреба или барем во давањето на насоки во нејзиното задоволување? Авторите сметаат дека училиштето би го поттикнало личносниот развој на учениците и би овозможило тие да бидат самореализирани личности преку моралното воспитание и интернализацијата на универзалните човекови вредности во рамките на истото.

3. **Stojanova, B.** (2009). Students with learning disabilities- a problem or a gift of the society, Abstract, *12$^{th}$ International conference, Inclusive education in the Balkan Countries policy and practice,* 117-118.

Во трудот се опишуваат проблемите со кои се соочуваат учениците со специфични тешкотии во учењето (дислексија, дисграфија и дискалкулија), наспрема потенцијалите и можностите со кои тие располагаат. Оваа категорија ученици се карактеризира со различен стил на учење и мислење во однос на своите врсници, поради што често доживуваат неуспех во учењето. Покрај проблемите со кои се соочуваат тие, во трудот се наведени и можностите и потенцијалите кои ги поседуваат и кои би можеле да ги развијат доколку добијат соодветен третман од страна на средината во која живеат и учат.

4. Miloseva, L., Marelja, J., **Stojanova, B.** (2009). Stress and resilience in families of children with specific learning disabilities. *The 5$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress*, volume 2, 676-679.

Во овој труд, се разгледува стресот и резилиенцијата со кои се соочуваат семејствата кои имаат дете со специфични тешкотии во учењето. Авторите ја наведуваат важноста на позитивните методи за соочување со стрес и градење на резилиенција во рамки на редовните

училишта, базирани на принципите на позитивната психологија, кои подразбираат создавање и негување на оптимална средина за учење и развој за секое дете. Од овде, авторите ја истакнуваат важноста за оспособување на идните наставници за инклузивно образование базирано на принципите на позитивната психологија.

5. **Stojanova, B.*,*** Sivevska D. (2009). Learning through computer game. *The 3rd International Conference, Curriculums of early and compulsive education*, 333-340.

Во трудот се зборува за можностите за примена на современата компјутерска технологија во образовниот процес и за можните придобивки од тоа. Со оглед на вниманието кое го предизвикуваат компјутерските игри кај младата популација, во трудот акцент се става токму на нив и на можноста да се искористи нивната моќ како конструктивна сила во образованието. Посебно се издвојуваат карактеристиките кои треба да ги поседуваат добрите компјутерски игри, како и нивното влијание врз когнитивната, афективната и мотивациската сфера од личноста на учениците.

6. Sivevska, D.*,* **Stojanova, B.** (2009). Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries. *Proceedings of ICERI 2009 Conference*, 1259-1265.

Авторите на овој труд зборуваат за потребата од доживотно образование како одговор на природната потреба на човекот за континуиран раст и развој, но истовремено и како одговор на барањата кои пред него ги поставува современиот начин на живот диктирани од брзиот развој на науката и технологијата. Цел на доживотното образование, според авторите, би требало да биде овозможување квалитетен живот на поединецот, под што се подразбира развој и приспособување на барањата кои средината ги поставува пред него. Од друга страна, авторите во доживотното образование ја лоцираат и одговорноста за општествениот, научниот и техничко-технолошкиот напредок со што ја истакнуваат двонасочната врска која постои помеѓу доживотното образование и општествениот развој.

7. **Стојанова, Б.,** Милошева, Л. (2009). Вредносните ориентации кај адолесцентите. *Воспитание*, год. 6, бр.10, 55-61.

Во трудот се истражуваат вредносните ориентации кај адолесцентите во Штип. Цел на истражувањето е да се утврди кои вредносни ориентации го преферираат адолесцентите во Штип и да се утврди дали постојат полови разлики во преферирањето на вредносните ориентации кај истите. Добиените резултати од ова истражување укажуваат дека најпреферирани вредносни ориентации за адолесцентите од Штип се: утилитарна, семејна, индивидуалистичка и хедонистичка, додека најмалку преферирани се: сознајна, алтруистичка и прометејски активизам. Во однос на половите разлики во преференцијата на вредносните ориентации кај адолесцентите од Штип, не е најдена статистички значајна разлика.

8. **Stojanova, B.** (2010). Development of creativity as a basic task of the modern educational system. *Procedia Social and Behavioral Sciences* (2), 3395-3400.

Овој труд е посветен на развојот на креативноста на учениците како основна задача на современиот образовен систем. Во првиот дел од трудот е опишана природата на креативноста како еден комплексен феномен, додека вториот дел од трудот ја разгледува креативноста во рамките на образовниот процес, при што се опишани начините на кои истиот може да ја инхибира, но и развие креативноста кај учениците. На крај, авторот заклучува дека со развојот на креативноста, образованието би овозможило задоволување на потребите на учениците, но истовремено и задоволување на потребите на современото општество.

9. Nikoloska, A., **Stojanova, B.** (2010). Implicit theories of intelligence in pre-service teachers: differences between first and second year students. *The 5th international scientific conference, Education for human society,* 28- 29May, Ohrid (во печат).

Авторите ги истражуваат имплицитните теории за интелигенција кои ги поседуваат студентите од прва и втора година на педагошките факултети во Скопје и во Штип. Цел на истражувањето е да се утврди дали постојат разлики во имплицитните теории кои ги

поседуваат студентите кои се подготвуваат за идни наставници од првата и втората студиска година. Добиените резултати во ова истражување ја потврдуваат хипотезата на авторите дека постојат разлики во имплицитните теории за интелигенција помеѓу двете групи на студенти. Имено, студентите од втора година сметаат дека интелигенцијата е променлива за разлика од студентите од прва година кои интелигенцијата ја сметаат за непроменлива. Според авторите, добиената разлика е поврзана со содржините кои ги изучуваат студентите за време на нивните студии.

10. **Stojanova, B.,** Nikoloska, A. (2010). Value orientation in pre-service teachers. *The 5th international scientific conference, Education for human society,* 28-29May, Ohrid (во печат).

Во трудот се соопштуваат сознанија за вредносните ориентации кои ги преферираат студентите кои се подготвуваат за идни наставници во рамките на педагошките факултети во Скопје и во Штип. Во ова истражување вредносните ориентации се испитувани преку преференција на десет животни стилови. Добиените резултати укажуваат на тоа дека најпреферирани вредносни ориентации за идните наставници се: семејство, религија и утилитарност, додека најмалку преферирани се: популарност, моќ и хедонизам. Авторите добиените резултати ги интерпретираат во контекст на изборот на професија на испитаниците, развојниот период во кој се наоѓаат и општествените услови во кои растат и се развиваат.

Евидентно е дека Билјана Стојанова својот интерес го афирмира работејќи на современи теми од предметите по кои ги реализира наставните обврски. Во своите трудови користи современа литература која во најголемиот број случаи е од англиското говорно подрачје. Врз основа на приложените трудови, Комисијата констатира дека кандидатката располага со богат научен вокабулар, мошне прецизен научен јазик и особено високо ниво на аналитичност, што е неопходна во научното работење.

Треба да се истакне исто така дека Билјана Стојанова има солидни познавања од англискиот јазик (петти степен) и компјутерски знаења-MS Office (Word, Excel, Power Point), статистички пакети SPSS и STATISTICA.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Поаѓајќи од изнесените податоци за кандидатите пријавени на објавениот Конкурс во дневниот весник „Дневник", на 22.6.2010 година, за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област **психологија на образование и воспитување**, членовите на Комисијата констатираа дека кандидатите ***Наташа Басарова -*** *дипломиран социолог и магистер по менаџмент во образованието,* ***Марија Костадинова-Крстева -*** *магистер по логопедија и* ***Трајче Минов -*** *дипломиран дефектолог,* имаат образование од првиот циклус кое не е компатибилно со она што е потребно да се одговори на задачите што произлегуваат од работното место за кое се пријавиле.

Другите две кандидатки, ***Марина Настеска*** и ***Билјана Стојанова,*** се дипломирани психолози. Иако првата кандидатка, покрај тоа што е дипломиран психолог, е и специјалист и магистер по мир и развој, членовите на Комисијата заклучија дека нејзините знаења и компетенции стекнати на вториот циклус од студиите исто така не се соодветни за работното место од распишаниот Конкурс.

Имајќи ја предвид досегашната ангажираност на кандидатката ***Билјана Стојанова*** во наставно-научната и издавачката дејност, членовите на Комисијата констатираат дека таа е успешен соработник кој има потенцијал да се развие во вреден научен работник. Од тие причини, со посебно задоволство членовите на Комисијата му предлагаат на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет на Универзитетот во Штип да ја избере ***Билјана Стојанова*** за помлад асистент за научната област **ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ**.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.**

**Проф. д-р Ленче Милошева, с.р.**

**Проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска, с.р.**